# III тема:
# Митологија и верувања
## III.1 Хеленска и римска митологија

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Посебности на хеленската и римската митологија

- **Политеизмот** (многубоштвото) кај Хелените и Римјаните настанало врз основа на хеленската митологија.
- Митовите им служеле како ***верско четиво***, исто како што се, впрочем, светите писма на јудаизмот, христијанството и исламот.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Посебности на хеленската и римската митологија

**Не можејќи да си ги објаснат појавите и предметите во светот, овие стари народи создале митски приказни за да си објаснат како настанал светот, кога се родиле првите богови и луѓето, како се бореле хероите, од каде доаѓаат болестите и страдањата, кој го научил човекот да го создава огнот итн.**



This Photo by Unknown Author is licensed under CC BY-NC-ND

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 2. Кои биле боговите и колку од нив управувале со светот и луѓето?



- Верувале дека боговите управуваат со светот и со човечките судбини.
- Постоеле мноштво богови, но главните божества управители со светот и луѓето биле дванаесет на број.
- Тие се познати како Олимпијци, а нивното живеалиште било на врвот на планината Олимп.
- На чело на Олимпијците бил врховниот бог Ѕевс громовникот или огнофрлачот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Какви биле боговите?



- **Имале антропоморфен облик, што значи дека луѓето се создадени по нивниот лик.**
- **Нивниот раст бил гигантски.**
- **Имале способност да се преобразуваат (метаморфоза).**
- **Биле бесмртни, низ вените им течела златнобојна крв наречена *икор*, се хранеле со *амбросија* и пиеле *нектар*. Таа храна ја обезбедувала нивната бесмртност.**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Посебни верувања кај Римјаните

- Римската митологија настанала врз основа на хеленската, бидејќи Римјаните верувале во истите богови, само што им дале поинакви имиња.
- Тие посебно го негувале култот кон домашните божества наречени *Пенати* (божества заштитници на домашното огниште).
- Верувале дека секој човек има свој *ѓениј*, дух кој им вдахнал живот и им бил личен заштитник.
- Сметале дека духовите на починатите во домот продолжуваат да живеат како чувари. Ги нарекувале *семејни Лари*.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Херои, митолошки суштества и чудовишта




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Херои, митолошки суштества и чудовишта



Кентаур



Минотаур




Горгона Медуса



Киклоп

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Кој управувал со судбините на луѓето и поредокот во светот според старите верувања на Хелените и Римјаните?
- Дванаесетте олимпски богови.

- Под кој назив се познати 12-те олимпски богови и каде се наоѓало нивното живеалиште?
- Тие се познати под името Олимпијци, а живеалиштето им се наоѓало на пл. Олимп.

- Кој врховен бог бил управител од пл. Олимп?
- Ѕевс громовникот.

- Античките богови од хеленската митологија имале *антропоморфен* облик. Што значи тоа?
- Имале човечки лик.

- Каква способност имале боговите?
- Способност за метаморфоза, односно да го менуваат ликот.

- Што е политеизам?
- Многубоштво, верување во мноштво богови.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Која храна ја одржувала бесмртноста на боговите?
- Нектарот и амбросијата.

- Каков раст имале боговите?
- Гигантски. Тоа значи дека биле поголеми по раст од луѓето.

- Дали Римјаните верувале во истите богови во коишто верувале Хелените?
- Да, со таа разлика што им дале поинакви имиња.

- Кои биле Пенати, а кои семејни Лари кај старите Римјани?
- Пенатите биле богови заштитници на домашното огниште, а семејните Лари духови на починатите предци.

- Наброј ги прочуените херои од хеленската митологија!
- Херакле, Ахил, Персеј, Ајнеј.

- Наброј некои митолошки суштества и чудовишта од хеленската митологија!
- Кентаур, Минотаур, Горгона Медуса, Киклоп, Сфинга, Скила, лернајска Хидра и др.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
# Постер со омилено божество, херој или митско суштество

- На интернет пронајди соодветна слика на омилено божество, херој или митолошко суштество.
- Нацртај го на лист од блок и наведи краток опис за ликот од митологијата.
- Фотографирај го постерот.
- Прикачи го на MS Тимс во своја папка, а во училиште презентирај го на час.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND